**УПРЖВМ.бр.1/2025**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - Претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесена преку полномошник Адвокат Тони Менкиноски од Адвокатско друштво Менкиноски Скопје, против Решението на Управниот суд УПРК.бр.28/2025 од 22.09.2025 година, за времена мерка, на седницата на советот одржана на ден 09.12.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд УПРК.бр.28/2025 од 22.09.2025 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение УПРК.бр.28/2025 од 22.09.2025, барањето на предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр. 10/2022 и УПРК.бр. 12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година, го отфрлил како недопуштено.

Против решението на Управниот суд жалба изјави тужителот преку својот полномошник поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, поради погрешна примена на материјалното право и поради суштествени повреди на одредбите на постапката со предлог Вишиот управен суд жалбата на тужителот да ја уважи, решението на Управниот суд да го укине и предметот да го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд со насоки првостепениот суд мериторно да одлучи правилно применувајќи ги одредбите од Законот за управните спорови, обврските што произлегуваат од членот 6 и членот 13 од Европската конвенција за човекови права и релевнатната пракса на Европскиот суд за човекови права.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите на предметот, обжаленото решение, по извршената оцена на наводите во жалбата и одговорот на жалба во смисла на член 79 став 1, а во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Вишиот управен суд утврди дека на ден 27.08.2025 година, до Управниот суд, предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, поднел предлог за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година.

Со Предлогот за повторување, предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје истакнал и посебно барање за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр. 10/2022 и УПРК.бр. 12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година. Во барањето навел дека истото го поднесува поради постоење на тешко непоправлива штета, укажувајќи на изречената глоба во износ од 44.359.800,00 денари која претставувала огромен финансиски товар на истиот, поради што присилната наплата би предизвикала сериозни нарушувања во ликвидноста и би ја намалила конкурентската способност на предлагачот. Истовремено укажува дека одлагањето на извршувањето не е спротивно на јавниот интерес, а дека бараната мерка е пропорционална со оглед дека со неа привремено би се заштитил предлагачот од ненадоместлива штета, додека интересот на државата за наплата на глобата само се одлага до конечното одлучување.

Управниот суд постапувајќи по барањето за определување врмена мерка со Решение УПРК.бр.28/2025 од 22.09.2025, барањето на предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр. 10/2022 и УПРК.бр. 12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година, го отфрлил како недопуштено.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е правилно и законито.

Согласно член 24 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.96/2019), управен спор се поведува со тужба.

Согласно член 28 став 1 од истиот Закон, тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

Согласно став 2 од истиот член, по барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно член 29 став 1 од истиот Закон, Судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета.

Согласно став 4 од истиот член, тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

Согласно став 5 од истиот член, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се

надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Согласно член 82 од истиот закон Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може, по предлог од странката, да се повтори, ако: странката дознае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука, доколку тие факти или докази биле употребени во поранешната постапка; Европскиот суд за човекови права со правосилна пресуда констатирал повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи или донел одлука врз основа на еднострана изјава на државата за признавање на повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи; пресудата е заснована на претходно прашање кое надлежниот суд или друг јавен орган дополнително поинаку го решил во битните точки; судската одлука е резултат на кривично дело сторено од судија или судски службеник; судската одлука е заснована на фалсификувана исправа или во која е заверена невистинита содржина, или одлуката на судот се заснова на лажно сведочење на сведок, вештак или странка; при донесувањето на одлуката учествувал судија кој според закон морал да биде изземен, односно кој со решение на судот бил изземен. на заинтерираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот спор. По предлогот за повторување на постапката решава судот што ја донел одлуката на која се однесува причината за повторување. Предлогот за повторување на постапката се поднесува до судот што ја донел одлуката во прв степен. (4) Предлогот за повторување на постапката се поднесува во рок од 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување, односно во рок од 90 дена од денот на правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права,односно донесувањето на одлуката на Европскиот суд за човекови права. Повторувањето не може да се предложи по основите од став (1) точки 1 и 5 на овој член по истекот на една година од правосилноста на пресудата. (5) Во предлогот за повторување на постапката мора да се наведе особено: 1) ознака на пресудата или решението донесено во постапката чие повторување се бара, 2) законскиот основ од став (1) на овој член според кој се бара повторување, околностите од кои произлегува дека предлогот е поднесен во законскиот рок и доказите со кои се поткрепуваат наводите на предлагачот.

Согласно член 85 од истиот Закон, Во постапката за повторување на постапка се примеуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба и постапката по жалба, доколку од одредбите на овој закон со кои се уредува повторувањето на постапката, поинаку не е уредено.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд со донесување на решението за времена мерка не го повредил законот на штета на тужителот.

Во конкретниов случај овој суд најде дека во постапка по предлог за повторување не е дозволен предлог за определување времена мерка од причина што законодавецот децидно во член 29 став 5 од Законот за управните спорови предвидел дека предлогот за определување времена мерка може да се поднесе, односно судот да постапува и може да донесе рашение со кое се одложува извршувањето на оспорениот акт само до донесувањето на правосилна одлука. Во овој случај постапката е правосилно завршена, а предлогот за повторување на постапката е вонреден правен лек и во таа постапка не е предвидена можност да се определува времена мерка.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека се сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, односно дека погрешно е толкуван членот 85 од Законот за управните спорови, а со тоа е сторена повреда од членот 70 став 2 од истиот закон.

Според тужителот, на начинот на кој од страна на судот е толкуван институтот времена мерка не се обезбедува делотворна правна заштита во ситуација кога присилното извршување може да доведе до сериозни финансиски поседици за жалителот, за негова ликвидност, неможност за исполнување на обврски кон вработените и деловните партнери, па дури и стечај. Правото на вонреден правен лек станува неефективно, сведено на формалност наместо на заштита на правата, па со тоа се повредени начелото на законитост (член 7) и начелото на ефикасно работење (член 11 ) од Законот за управните спорови, притоа повикувајќи се на Европскиот суд за човекови права и правото на пристап до суд и обврската од ефективен правен лек, како и укажувајќи на пропорционалост и заштита од непоправлива штета.

Вишиот управен суд најде дека ваквите наводи не се основ за донесување на поинаква одлука од страна на овој суд. Законодавецот децидно предвидел дека во управниот спор времена мерка може да се определи само до правосилно завршување на управниот спор, односно само до донесување на правосилна одлука. Во овој случај постои правосилна одлука, па оттаму овој суд најде дека изнесените жалбени наводи не придонесуваат повисокиот суд да одлучува надвор од законската недопуштеност за поднесување на времена мерка во постапка по вонреден правен лек.

Имајќи го во предвид горе наведеното овој суд жалбата на тужителот ја одби како неоснована.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното, донесе решение како во изреката согласно член 29 став 9 и член 80 став 1 во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 09.12.2025 година под УПРЖВМ.бр.1/2025.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник